РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 11 – 2324/1
28.09.2021 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 31 став (2) точките 2 и 44, член 75-ѓ став (11) и од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република С.Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, а во врска со Решението за распишување на Избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, бр.09-3732/1 од 06.08.2021 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 16.09.2021 година донесе

# У П А Т С Т В О

## за начинот и постапката за потврдување на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) кои претходно се регистрирани во Регистарот, односно чие барање за упис е потврдено со решение за упис во Регистарот усвоен од Државната изборна комисија пред стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/2021 од 16.09.2021 година) останувaат во сила и се важечки.

Радиодифузерите и печатените медиуми кои не се регистрирани пред стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/2021 од 16.09.2021 година) поради поднесено некомплетно барање или поради пропуштување на рокот за поднесување на барање за регистрација во Регистарот, имаат право да поднесат ново барање за регистарција во рок од 3 (три) дена, односно до ден 19.09.2021 година.

Радиодифузерите кои претходно се регистрирани и кои ќе се регистрираат во дополнителниот рок, се должни да достават ценовници согласно член 75-ѓ став (9) од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/2021 од 16.09.2021 година) најдоцна до ден 19.09.2021 година до 24:00 часот. Радиодифузерите се должни ценовниците да ги достават во наведениот рок до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Печатените медиуми кои претходно се регистрирани во Регистарот, доколку имаат корекција на своите веќе доставени ценовници, можат да доставаt нови (корегирани) ценовници најдоцна до ден 19.09.2021 година до 24:00 часот. Печатените медиуми се должни корегираните ценовници да ги достават во наведениот рок до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Ценовниците не смеат да се менуваат до конечно завршување на изборниот процес.

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни ценовниците за платено политичко рекламирање да ги применуваат за време на изборната кампања.

Просечната цена по секунда за едно денонoќие добиена според различните ценовно-рекламни временски периоди и тоа: Период 1 - од 00:00 до 08:00 часот, Период 2 - од 08:00 до 16:00 часот и Период 3 - од 16:00 часот до 24:00 часот кај радиодифузерите за платено политичко рекламирање, како и цената за

закуп на рекламен простор во печатениот медиум да не ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секој радиодифузер одделно пресметана во последните пет изминати изборни циклуси одржани на ниво на цела територија на државата, а за електронските медиуми (интернет порталите) цената за закуп на рекламен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање да не ја надминува просечната цена за рекламирање, пресметана за последните пет изминати изборни циклуси.

Државната изборна комисија објави на нејзината веб страна просечна постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите и печатените медиуми во последните 5 (пет) изборни циклуси на целата територија на државата и од страна на електронските медиуми (интернет порталите) во последните 5 (пет) изборни циклуси.

**II.** При утврдувањето на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање од страна на **телевизиите** во Република Северна Македонија Државната изборна комисија ќе ја потврди просечната цена која не треба да ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секоја телевизија одделно пресметана во последните 5 (пет) изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата и тоа: Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година, Изборите за Претседател на Република Северна Македонија во 2019 година, Локалните избори во 2017 година, Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година и Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2014 година.

За телевизиите во Република Северна Македонија кои се регистрирани во Регистарот на Државната изборна комисија, а кои не учествувале на последните пет изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата, просечната цена ја утврди Државната изборна комисија со одлука и истата не може да биде повисока од **1,97 ЕВРО / 121,13** денари за една секунда рекламен простор.

**III.** При утврдувањето на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање од страна на **радијата** во Република Северна Македонија, Државната изборна комисија ја потврди просечната цена која не треба да ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секое радио одделно пресметана во последните 5 (пет) изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата и тоа: Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година, Изборите за Претседател на Република Северна Македонија во 2019 година, Локалните избори во 2017 година, Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година и Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2014 година.

За радијата во Република Северна Македонија кои се регистрирани во Регистарот на Државната изборна комисија, а кои не учествувале на последните пет изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата, просечната цена ја утврди Државната изборна комисија со одлука и истата не може да биде повисока од **0,69 ЕВРА / 42,43** денара за една секунда рекламен простор.

**IV.** При утврдувањето на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање од страна на **печатените медиуми** во Република Северна Македонија, Државната изборна комисија ќе ја потврди просечната цена за закуп на рекламен простор во печатениот медиум која не треба да ја надминува вкупната просечна цена на рекламирање на секој печатените медиуми одделно пресметана во последните 5 (пет) изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата и тоа: Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2020 година, Изборите за Претседател на Република Северна Македонија во 2019 година, Локалните избори во 2017 година, Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година и Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2014 година.

За печатените медиуми во Република Северна Македонија кои се регистрирани во Регистарот на Државната изборна комисија, а кои не учествувале на последните пет изминати изборни циклуси одржани на целата територија на државата, просечната цена ја утврди Државната изборна комисија со одлука и истата не може да биде повисока од **341 ЕВР0 / 20.968,00** денари за една внатрешна црно бела страна односно **448 ЕВРА / 27.547,50** денари за една внатрешна страна во боја.

Согласно член 76-д став (6) од Изборниот законик, сумата која може да се исплати на еден печатен медиум од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15.000,00 (петнаесет илјади) евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

**V.** За електронските медиуми (интернет портали) цените за закуп на рекламен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање не смее да ја надминува просечната цена за рекламирање пресметана, за последните 5 (пет) изминати циклуси.

Согласно член 76-д став (6) од Изборниот законик, сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15.000,00 (петнаесет илјади) евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

**VI.** Согласно доставените ценовници во последните пет изборни циклуси на целата територија на државата, Државната изборна комисија ќе ја потврди и објави цената за платено политичко реламирање за телевизиите, радијата и печатените медиуми на својата веб страна.

**VII.** Во прилог на ова Упатство е табелата со просечно постигнатата цена пресметана за секој радиодифузер одделно.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Александар Даштевски**